Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од група поранешни работници во експозитурите на ------------ --------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3188/1 од 14.09.2020 година, доставена од група поранешни работници во експозитурите на ------------ --------,, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-3188 од 2020 година оформен по пријава бр. 12-3188/1 од 14.09.2020 година.

Предметот со број 12-3188 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3188 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12-3188/1 од 14.09.2020 година година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), група поранешни работници во експозитурите на ------------ --------,.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незаконско работење на ------------ --------, во ликвидација, одолговлекување на постапката , здружување на адвокати, извршители, ликвидациони судии I стечајни управители со цел остварување корист од наплата на затезни камати од застарени долгови , како и за незаконито постапување на лицето ------- -----------, поранешен гувернер на НБРМ и негово незаконито стекнување со земјиште кое било во сопственост на наведената банка.

. Доставената пријава содржи конфузни и паушални наводи кои се однесуваат на прашања околу водењето на стечајната постапка на Македонска Банка во периодот 2007 – 2008 година и незадоволство од истата поради невратените штедни влогови на штедачите. Според подносителите намерно се одолговлекувала постапката за ликвидација на наведената Банка а од истата корист имале само адвокатите и извршителите кои наплатувале долгови по основ на камати а на штета на вработените, пензионерите и на штедачите. Бараат Владата да донесе Закон за бришење на затезните и застарени камати од 2007 година и наваму зошто биле незаконски и неосновани а досега уплатените средства да им

бидат вратени и сите досегашни ликвидациони судии и стечајни управители за овој случај да бидат повикани на кривична одговорност.

При извршени проверки во евиденцијата на ДКСК, констатирано е дека во врска со предметните наводи ДКСК има постапувано по неколку предмети започнувајќи од 2007 година па наваму.

1) Во 2007 година бил оформен предмет со број 12-1542/1 од 04.12.2007 година по поднесена пријава за незаконито постапување на лицето ------- ---------, Гувернер на НБРМ во случајот ------------- -------- АД Скопје и стекнување на земјиште од должник на Банката на кој му бил отпишан одреден износ на долгот, а во пријавата се укажувало за наводни неправилности и злоупотреби од Гувернерот ------ -------- по три основи и тоа: Ликвидацијата на ------------- --------,; Конфликт на интереси во врска со отпис на побарување со цел купување личен недвижен имот под привилегирани услови и Неточни податоци за имотната состојба на Гувернерот Петар Гошев дадени во неговиот Анкетени лист.

ДКСК постапила по овој предмет и во врска со случајот, биле доставени барање за информации и документација за случајот до Народна банка на Р. Македонија, Совет на Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Гевгелија. Воедно беа одржани и работни средби со службени лица од институции поврзани со овој случај.

Врз основа на констатациите произлезени од сите собрани и прибавени писмени документи и изјави од повеќе лица кои на одреден начин биле инволвирани во случајот ------------- --------„ од страна на ДКСК на ----седница одржана на ден 25.12.2007 година донесен е заклучок по сите три основи наведени во доставената пријава и тоа:

„- По однос на ликвидацијата на Македонска Банка, ДКСК зазема став дека решението за ликвидацијата е донесено врз основа на одредби на Законот за банки кои што му даваат право на Гувернерот да одлучува за таквите прашања.

- По однос на наводите за конфликтот на интереси и отписот на побарувањето односно за наводите кои се однесуваат на отписот на кредитот на ----- ------------, и влијанието на Гувернерот врз истото и купувањето на земјиште во Гевгелија, Комисијата констатира дека не се потврдени наводите од пријавата.

- По однос на наводите во претставката за непријавен имот на Гувернерот во поднесениот Анкетен лист, ДКСК веќе се обрати до Управата за Јавни Приходи, со барање за поведување постапка за утврдување на имотната состојба на Гувернерот ------ -------."

На 323 седница 05.04.2011 година по повторно разгледување на предметот и донесените заклучоци, членовите на ДКСК констатираа дека Управата за јавни приоходи како надлежен орган веќе постапува по однос на барањето за поведување постапка за утврдување на имотната состојба на Гувернерот Петар Гошев доставено од Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба во Генералниот Секретаријатот на ДКСК по што е донесен заклучок дека нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по овој предмет, а предметот е затворен и архивиран.

До ДКСК доставени се и пријави со број 12-4473/1 од 11.09.2019, 12 -5549/1 од 03.12.2019 и број 12 - 5517/1 од 04.12.2019 година. (2 – 4)

2) Оформен е предмет број 12- 4473 од 2019 година, по пријава со број 12 4473/1 од 11.09.2019 година, доставена од -------- -------- од ---------, а во која се укажува на сомневање за незаконско работење на ------------ --------, во ликвидација АД Скопје. По предметот е постапено од ДКСК и на 41-та седница одржана на ден 11.11.2020 година донесена е одлука со која пријавата се отфрла а предметот се затвора.

3) По истата пријава под 2) - Оформен е о предмет број 12- 5499 од 2019 година, по пријава со број 12 -5549/1 од 03.12.2019 година, доставена од ---------- --------- од --------, а во која се укажува на сомневање за незаконско работење на ------------ --------, во ликвидација АД Скопје и се истакнува барање за покренување на постапка пред Основен суд Скопје 2 за бришење на долг по основ на камата кон истиот субјект. односно покренување контрола и постапка за поништување на пресуда од.2014година. По предметот е постапено од ДКСК и на 27 -та седница одржана на ден 14.02.2020 година донесена е одлука со која пријавата се отфрла а предметот се затвора, поради тоа што при надлежното постапување на ДКСК констатирано е дека за предметниот случај постапувал друг надлежен државен орган, односно станува збор за донесена пресуда од Основен суд Скопје 2 Скопје со која се одбива приговорот на подносителот на пријавата како неоснован, а согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема надлежност да бара поништување или укинување на судски одлуки како што е побарано во пријавата.

4) Оформен е предмет број 12- 5517 од 2019 година, по пријава со број 12 -5517/1 од 04.12.2019 година а во пријавата се укажува на сомневање за незаконско работење на ------------ --------, АД Скопје во ликвидација, односно одолговлекување на постапката и здружување на адвокати, извршители, ликвидациони судии и др. со цел остварување корист и перење пари од наплата на затезни камати од, како што е наведено во пријавата, застарени долгови од многу таканаречени должници. (*Оваа пријава е идентична со предметната пријава 12-3188/1 од14.09 2020* ).

По овој предмет заради проверка на наводите и утврдување на целосната фактичката состојба, побарана е информација од Основниот суд Скопје II за постапката за ликвидација на ------------ --------, АД Скопје во ликвидација и за исходот од истата.

По барањето добиен е бараниот одговор 12-581/2 од 17.01.2020 година во кој од страна на Основниот граѓански суд Скопје – Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација, се известува ДКСК дека неосновани се наводите кои се наведени во пријавата дека е одолговлекувана постапката, дека се здружуваат адвокати, извршители, ликвидациони судии, дека Судот имал сознанија добиени по известување од ликвидационите управници дека финансиската полиција имала вршено увид во документацијата на ликвидациониот должник, а за водењето на ликвидационите предмети одговарал ликвидациониот управник согласно одредбите од Законот за стечај и истиот бил должен да постапува совесно и стручно.

Исто така Судот известува и дека „во отворената ликвидациона постапка, со оглед дека ликвидациониот должник е банка која имала голем број на корисници на нејзините услуги, коишто при отворање на ликвидационата постапка не ги измириле своите обврски и истите се утужени по налог на ликвидационите управници, а некои од постапките се преземени по отворање на ликвидационата постапка за наплата на долгови од должникови должници. Наплатата на побарувањата е врз основ на дозволени правни дела коишто се засновани со судска одлука којашто потоа во извршна постапка се

наплаќа од страна на должниците. Должниците може да го искористат правниот лек и да вложат приговор на извршување кој приговор исто така се одлучува во судовите, а по жалба се одлучува во Апелационите судови на подрачјето на РСМ."

По предметот е постапено од ДКСК и на продолжението на 42 седница одржано на ден 17.12.2020 година, предметот е затворен и архивиран со донесена е одлука со која постапката по предметот се запира а предметот се затвора, поради тоа што при надлежното постапување на ДКСК констатирано е дека за предметниот случај постапувале други надлежни органи и не се потврдуваат наводите во пријавата.

При извршени проверки на податоци кои се објавени на веб страниците на Управата за јавни приходи на Централниот регистар на РСМ, ДКСК дојде до сознанија дека и во двете институции има евидентирано податоци за ликвидациона постапка за правниот субјект ------------- --------, АД Скопје - во ликвидација, со правен статус на неактивен субјект, како и со евидентирана постапка за субјектот: ликвидација со газа на постапката: ажурирање.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во врска со предметниот случај ДКСК веќе има постапено по неколку предмети оформени од 2007 година па наваму, се произнела по однос на предметните наводи и донесени се заклучоци/одлуки по постапените предмети, а кои предмети се со иста фактографија на наводи со предметните наводи. Воедно, во врска со предметниот случај постапувал друг надлежен државен орган. (*Управата за финансиска полиција*), кој извршил увид во документацијата во ликвидационата постапка на наведената банка а исто така ликвидационата постапка над предметниот субјект е се уште во тек .

Со оглед на погоре констатираното, Државната комисија утврди дека беспредметно е нејзиното натамошното постапување по предметниот случај, по што оцени дека ДКСК нема елементи за надлежно постапување по овој предмет, пријавата да се отфрли, а предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК